ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
СУ.бр.577 /21-7
21.02.2022 год.
Радовиш

Претседателот на Основен суд Радовиш Лила Цветаноска, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/21, за унапредување на судски службеник, за работно место Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот- 1(еден) извршител, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ.бр.577/21-6 од 18.02.2022 година, на ден 21.02.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот, категорија Г, ниво Г1, 1(еден) извршител, **се избира кандидатот:**

**Лидија Манолева**

По конечноста на одлуката, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување и плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Радовиш на веб страната на судот на ден 23.12.2021 год. објавен е Интерен оглас бр.1/21, за унапредување на судски службеник, за работно место, Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот 1 (еден) извршител.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас до Претседателот на судот доставена е Ранг листа и Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ..бр.577/21-6 од 18.02.2022 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот Лидија Манолева како единствен рангиран кандидат на ранг листата.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот, категорија Г, ниво Г1, 1 (еден) извршител, го избра кандидатот Лидија Манолева.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Претседател на судот,
Лила Цветаноска

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба до Советот на судска служба.

Д-но: Лидија Манолева

ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
СУ.бр.578 /21-7
21.02.2022 год.
Радовиш

Претседателот на Основен суд Радовиш Лила Цветаноска, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/21, за унапредување на судски службеник, за работно место Виш судски референт-извршител во писарница-1(еден) извршител, по доставениот Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ.бр.578/21-6 од 18.02.2022 година, на ден 21.02.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Виш судски референт-извршител во писарница , категорија Г, ниво Г2, 1(еден) извршител, **се избира кандидатот:**

**Верче Пулева**

По конечноста на одлуката, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување и плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Радовиш на веб страната на судот на ден 23.12.2021 год. објавен е Интерен оглас бр.1/21, за унапредување на судски службеник, за работно место, Виш судски референт-извршител во писарница 1 (еден) извршител.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас до Претседателот на судот доставена е Ранг листа и Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување СУ..бр.578/21-6 од 18.02.2022 год.

Со Предлог-одлука за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот Верче Пулева како единствен рангиран кандидат на ранг листата.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место Виш судски референт-извршител во писарница, категорија Г, ниво Г2, 1 (еден) извршител, го избра кандидатот Верче Пулева.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Претседател на судот,
Лила Цветаноска

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба до Советот на судска служба.

Д-но: Верче Пулева